РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2546/2
31.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.05.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.05.2024 година.
2. Извештај за изборното медиумско претставување во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024.
3. Извештај за изборното медиумско претставување за Парламентарните избори 2024.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.05.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Извештајот за изборното медиумско претставување во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024. Објасни дека во вториот круг влегоа двајца кандидати, кандидатката проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, сега веќе актуелна претседателка и проф. д-р Стево Пендаровски. Сите телевизии од примерокот за мониторинг за медиумското покривање на Претседателските избори ги почитуваа принципите од член 75 став 1 и од членот 75-а став 1 точка а од Изборниот законик, односно известуваа правично, избалансирано и непристрасно. Наведе дека во прилог на предложениот Извештај се деталните анализи кои што се извршени за јавниот сервис како и за сите останати комерцијални радиодифузери кои што го покриваа известувањето за вториот круг на Претседателски избори 2024.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Извештајот за изборното медиумско претставување за Парламентарните избори 2024. Објасни дека за Парламентарните избори имаше 17 листи од кои што најголем дел беа претставени во 6-те изборни единици, а помал дел беа претставени во помалку од 6 изборни единици. Наведе дека Парламентарните избори се преклопија со вториот круг од Претседателските избори, со што процесот го правеше многу специфичен и деликатен за да можат радиодифузерите да ги следат овие два паралелни изборни циклуси. Ниту еден од радиодифузерите заради сложеноста на процесот не успеа да ги задоволи принципите од Изборниот законик, односно да го покрие известувањето за сите 17 учесници.

Г-дин Фиданоски рече дека и двата Извештаи кои се на Дневен ред се добро и детално изработени од службата на Агенцијата. На увид се сите потребни податоци, но заради сложеноста и преклопувањето на двата изборни процеси радиодифузерите не успеаја до крај да ја исполнат својата обврска за медиумското покривање. Бидејќи работел 13 години во телевизија знае колку тоа изискува логистика и потреба, во исто време на различни места повеќе екипи да бидат присутни за да сето тоа се сними, потоа монтира и при тоа до секунда да се испочитуваат законските обврски. Направи груба пресметка дека уште 20 новинари ќе требаше да има секоја информативна редакција од телевизиите и радијата, што според него во овие услови како што функционира медиумскиот пазар е практично невозможно. Во таа насока рече дека има потполно разбирање зошто не успеале радиодифузерите тоа да го направат, не дека не сакале туку објективно не можеле. Според бројките, покриени се најголемиот број од учесниците, а дел од тие што не беа покриени реално не беа активни за време на изборниот процес. Самото тоа покажува дека медиумите добро си ја завршиле работата.

Г-дин Ајдини рече дека сите тука најверојатно се согласуваат дека изборите кои поминаа беа тешки и временски подолго траеја. Не само за медиумите, се согласува дека медиумите имаа голем број потешкотии, но и за стручната служба на Агенцијата, особено за Секторот за програмски работи каде што биле во постојан контакт. Во таа насока упати пофалби за сработеното до службата. посебно до раководителката м-р Емилија Јаневска, заменик раководителката м-р Емилија Петреска Камењарова кои максимално се залагаа мониторингот да биде професионално изработен, почнувајќи од Табелите кои се во Извештајот кои ги покажуваат резултатите изразени во секунди за

сето тоа што е емитувано на програмата кај медиумите. Смета дека поради сложеноста на Законот особено јавниот радиодифузен сервис со математичката поделба на времето не успеа да обезбеди суштински баланс во известувањето. Исто така ова се рефлектираше и кај приватните медиуми кои вложија доста напори да направат баланс во медиумското изборно претставување. На крајот рече дека сепак медиумите добро си ја завршија работата.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека во делот на вестите медиумите вложија напори да реализираат и посебни информативни емисии за учесниците во изборната кампања и дебатни емисии. Како еден важен елемент спомна дека обврската што за прв пат се применуваше на овие избори да обезбедат пристапност на содржините за лицата со сетилна попреченост, сите радиодифузери ја исполнија оваа обврска што може да биде добар вовед во обврските што ќе ги применуваат следната година а влегоа во ЗААВМУ со последните измени. Во однос на бесплатно политичко претставување рече дека и овие изборни процеси покажаа дека учесниците во изборна кампања воопшто немаат интерес за бесплатно политичко претставување а од друга страна голем интерес за платено политичко рекламирање. Во однос на платеното политичко рекламирање рече дека за овие избори има апсолутен рекорд, 5 милиони секунди на ППР за двата изборни процеси.

Г-дин Петрушевски рече дека во иднина некој разумен ќе го чита овој Записник и зборовите на Јаневска ќе ги земе предвид посебно околу статусот на платеното политичко рекламирање. Овие извештаи кои Службата ги изработил ќе останат како траен документ, јавно ќе се објават на веб страницата, и не верува дека некој сега е заинтересиран да го разгледува, но во иднина може би некој аналитичар ќе го искористи за стручен труд.

Г-дин Фиданоски го поздрави успешниот обид радиодифузерите да обезбедат пристапност на содржините за лицата со сетилна попреченост. Верува дека ова ќе биде добра основа за проширување за следните изборни циклуси за другиот дел од програмата. Во извештаите има прецизни мерења изразени во секунди од службата на Агенцијата колку и како било третирано изборното медиумско претставување и ППР, но она што според него беше видливо и визуелно, е политичкиот плурализам кој беше евидентно присутен на медиумите за целиот изборен период.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Драгицр Вубъцир

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**